ПРЕДЛАГАЧИ: Димитар Апасиев
Борислав Крмов

П Р Е Д Л О Г - З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕТО И ОСИГУРУВАЊЕ
ВО СЛУЧАЈ НА НЕВРАБОТЕНОСТ,
ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

С к о п ј е,
февруари 2022 година

Д О:
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71, став 1 од Уставот на Република Македонија и членовите 132, 137 и 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, поднесуваме *Предлог на закон за изменување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност* – по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

______________________________

______________________________

# ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност („Службен весник на Република Македонија“ број 37/1997 и 25/00, 101/00, 50/01, 25/03, 37/04, 4/05, 50/06, 29/07, 102/08, 161/08, 50/10, 88/10, 51/11, 11/12, 80/12, 114/12, 39/14, 44/14, 113/14, 56/15, 129/15, 147/15, 154/15, 27/16, 118/16, 21/18, 113/18, 124/19, 103/21), се уредуваат прашањата во врска со размена на трудот, правата и обврските на работодавачите, невработените лица, други лица кои бараат работа и државата – во врска со вработувањето и осигурувањето во случај на невработеност, како и други прашања од значење за вработувањето.

Актуелниот Закон за вработувањето и осигурување во случај на невработеност предвидува драстично понеповолни услови за стекнување на правото и висината на паричниот надоместок кој им следува на работниците во случај на невработеност, во споредба со условите за стекнување на правото и висината на паричниот надоместок кој го добиваат избраните и именувани функционери во Република Македонија по завршување на функцијата, предвиден со Законот за плата и другите надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија – или т.н. апанажа.

Ваквата фактичка ситуација продуцира нееднаков третман на правата на граѓаните и вршат дополнителна социјална диференцијација по однос на имотната и општествената положба. Со тоа се врши сериозно прекршување на уставното начело на забрана на секаков вид на дискриминација, предвидено во членот 9 од Уставот.

Овој Предлог-закон е во насока на анулирање на востановената противуставна ситуација, преку синхронизирање т.е. усогласување на условите за стекнување на правото и висината на паричен надоместок на работниците за време на невработеност, со условите за стекнување на правото и висината на парчниот надоместок на јавните функционери по престанување на функцијата.

Од наведените причини, ја увидовме потребата од носење на овој Предлог-закон со кој се обезбедува посоодветна социјална и економска еднаквост на граѓаните, без разлика на нивната општествена положба.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Законот се заснова на истите начела на кои се заснова основниот текст на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Спроведувањето на овој закон не предизвикува финансиски последици врз Буџетот на Република Северна Македонија и другите јавни финансиски средства.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на овој закон не се потребни дополнителни финансиски средства од државниот Буџет на Република Северна Македонија.

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со оглед на тоа што не се работи за обемен и сложен закон, согласно со член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, се предлага овој Предлогот на закон да се донесе по скратена постапка.

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕТО И ОСИГУРУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА НЕВРАБОТЕНОСТ

## Член 1

Во Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност („Службен весник на Република Македонија“ број 37/1997, 25/2000, 101/2000, 50/2001, 25/2003, 37/2004, 4/2005, 50/2006, 29/2007, 102/2008, 161/2008, 50/10, 88/10, 51/11, 11/12, 80/12, 114/12, 39/14, 44/14, 113/14, 56/15, 129/15, 147/15, 154/15, 27/16, 119/16, 21/18 и 113/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 124/19 и 103/21) во членот 68, став 1 бројот „50“ се заменува со бројот „100“.

Ставот 2 се брише.

## Член 2

Во членот 71, ставот 2 се менува и гласи:

„ Паричниот надоместок на невработеното лице се исплатува:

1) три месеци – ако има стаж на осигурување најмалку до шест месеци во непрекинато траење;

2) шест месеци – ако има стаж на осигурување над од шест месеци и еден ден до 12 месеци;

3) 12 месеци – ако има стаж на осигурување над 24 месеци и еден ден и повеќе.“.

## Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**
**НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ**

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Предлогот на закон содржи 3 члена.

Со членот 1, со кој се менуваа бројот „50“ со бројот „100“, во членот 68, став 1, и се брише став 2 од истиот член. Со тоа се предвидува зголемување на висината на месечниот паричен надоместок за време на невработеност за работниците во висината од 100% од просечната месечна нето-плата на работникот.

Со членот 2, се намалува потребното време на осигурување во случај на невработеност, како услов за стекнување на право на определен паричен надоместок. Со овој Предлог-закон се предвидува право на паричен надоместок во период од: три месеци – доколку невработеното лице има стаж на осигурување од најмалку шест месеци; шест месеци – доколку невработеното лице има стаж на осигурување од шест месеци и еден ден до 12 месеци; 12 месеци – доколку невработеното лице има стаж на осигурување над 24 месеци и еден ден и повеќе.

Членот 3 предвидува законот да влезе во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, без вообичаениот уставен рок за vacatio legis.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во одредбите од овој закон се меѓусебно поврзани, истите се однесуваат на иста правна работа и како такви прават правна целина и се применливи.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложениот закон ќе се усогласат правата на сите граѓани во случај на невработеност или престанувањето на функцијата.

## ИЗВОД НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ

### 3. ВИСИНА НА ПАРИЧЕН НАДОМЕСТОК

Член 68

Висината на месечниот паричен надоместок за време на невработеност се утврдува врз основа на пресметаните и исплатени плати кај работодавачот согласно со закон, колективен договор и договор за вработување и изнесува 50% од просечната месечна нето плата на работникот за последните 24 месеца за лице кое има право на паричен надоместок до 12 месеца, а за лице кое има право на паричен надоместок подолго од 12 месеца, паричниот надоместок за првите 12 месеца изнесува 50% од просечната месечна нето плата на работникот за последните 24 месеца, а за преостанатото време 40% од просечната месечна нето плата.

Надоместокот од став 1 на овој член не може да изнесува повеќе од 80% од просечната месечна нето плата по работник во Република Северната, објавена за последниот месец.

### НАДОМЕСТОК

Член 71

Времето за кое се исплатува паричниот надоместок зависи од времето за кое невработеното лице било осигурано во случај на невработеност.

Паричниот надоместок на невработеното лице се исплатува:

1) еден месец, ако има стаж на осигурување најмалку девет месеца во непрекинато траење или 12 месеца со прекин во последните 18 месеца;

2) два месеца, ако има стаж на осигурување над 18 месеца до две и пол години;

3) три месеца, ако има стаж на осигурување над две и пол до пет години;

4) четири месеца, ако има стаж на осигурување над пет до седум и пол години;

5) пет месеца, ако има стаж на осигурување над седум и пол до десет години;

6) шест месеца, ако има стаж на осигурување над десет до дванаесет и пол години;

7) седум месеца, ако има стаж на осигурување над дванаесет и пол до 15 години;

8) осум месеца, ако има стаж на осигурување над 15 до седумнаесет и пол години;

9) девет месеца, ако има стаж на осигурување над седумнаесет и пол до 20 години;

10) десет месеца, ако има стаж на осигурување над 20 до дваесет и две и пол години;

11) единаесет месеца, ако има стаж на осигурување над дваесет и две и пол до 25 години и

12) дванаесет месеца, ако има стаж на осигурување над 25 години.

На невработеното лице кое има над 15 години стаж на осигурување, а на кое му недостасуваат најмногу до 18 месеци пред исполнување на услови за стекнување право на старосна пензија, паричен надоместок му се исплатува до неговото вработување, односно до настапувањето на некои од основите за престанок на правото на паричен надоместок.